1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за донесување на Урбанистички план за село Дреново, Општина Кавадарци со плански период 2014-2024, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-5936/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.11.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 26 точка 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Службен весник на РМ” бр. 51/05,....42/14), член 41 точка 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Сл.весник на РМ” бр.199/14....168/18), член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 82 став точка 7 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци седницата одржана на ден 31.10.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Урбанистички план за село Дреново, Општина Кавадарци со плански период 2014-2024**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци донесува Урбанистички план за село Дреново, Општина Кавадарци плански период 2014-2024.

Документацијата за донесување на Урбанистички план за село Дреново, КОДреново, Општина Кавадарци плански период 2014-2024, е изработена во согласност чле 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Службен весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а согласно член 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Службен весник на РМ” бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), во согласност со Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр. 78/06, 140/07, 12/09, 93/09, 142/10, 64/11, 98/11, 169/11) и Правилник за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ, Регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко плански документации и Архитектонско-урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник бр.142/15), а во согласност со Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник бр.78/06).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Урбанистички план за село Дреново, Општина Кавадарци со плански период 2014-2024, е со вкупна површина од 29,19 ха.

**Член 3**

Составен дел на оваа одлука е :

-Текстуален дел и графички приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување Урбанистички план за село Дреново, КО Дреново, Општина Кавадарци, плански период 2014-2024.

Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.24-7756/2 од 07.10.2019 година.

**Член 4**

Одлука за донесување на Урбанистички план за село Дреново, Општина Кавадарци плански период 2014-2024, ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивата на Општината, еден во Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци, еден во државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам- Скопје, еден во државниот завод за геодетски работи ПЕ Кавадарци и еден примерок се изложува во просториите на Општина Кавадарци за достапност на јавноста.

**Член 5**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-5725/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Одлуката за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.30/19 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.30/19 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-5936/7** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.11.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2019 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.30/19 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.30/19, поведен пред Основен суд Кавадарци.

## ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.30/19 за определување на надоместок за одземено од владение градежно неизградено земјиште со кп.бр.15078/3 во површина од 202 м2 од поранешниот сопственик Стојанов Трајко Петко од с.Дреново согласно Решение за одземање од владение бр.12-1150 од 11.04.1990 година донесено од страна на Собрание на Општина Кавадарци – Секретаријат за станбено комунални работи и урбанизам – Служба за имотно правни работи Кавадарци, заради изградба на улица предвидена со урбанистичкиот план на град Кавадарци.

2. Согласно оставинско Решение О.бр.43/09 и УДР.бр.11/09 од 21.04.2009 година на нотар Ристо Самарџиев од Кавадарци сега предлагачите се огласени за законски наследници на оставината на покојниот Петко Стојанов од с.Дреново како и наследници на правото на определување надоместок за одземено од владение градежно неизградено земјиште согласно погоре цитираното решение за одземање.

3. Согласно Уверение за историски преглед на извршените запишувања за кп.бр.14245/1 КО Кавадарци 2 издадено од Агенцијата за катастар на недвижности бр.1107-185/2019 од 12.04.2019 година, со идентификација е утврдено дека кп.бр.14245/1 според нов премер во површина од 160 м2 култура гнз КО Кавадарци 2 одговара на дел од кп.бр.15078 според стар премер.

4. Страните на Судската Спогодба се согласни противникот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест за одземено од владение градежно неизградено земјиште со кп.бр.14245/1 во површина од 160 м2 м.в.„И. Мазев“ култура гнз КО Кавадарци 2 да им исплати на предлагачите износ од 922,50 ден./м2 односно надоместок во вкупен износ од 147.600,00 денари.

5. Страните на Судската Спогодба се согласни секој да си ги сноси своите трошоци во постапката, вклучувајќи ги и трошоците – судските такси за оваа судска спогодба во износ и рок на плаќање определени од страна на судот, како и трошоците за вештачење.

6. Предлагачите се согласни надоместокот од точка 4 од оваа Спогодба противникот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба, на трансакциска сметка на предлагачите.

7. Страните на Судската спогодба се согласни оваа Судска спогодба да претставува основ за запишување на противникот Општина Кавадарци како корисник на градежното неизградено земјиште цитирано во точка 4 од оваа спогодба во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

8. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.30/19.

9. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.30/19 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-5725/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар на КП.бр.694/1 КО Чемерско во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар на КП.бр.694/1 КО Чемерско во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

Бр.09-5936/8 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
01.11.2019 година ГРАДОНАЧАЛНИК,
Кавадарци М-р Митко Јанчев

Врз основа на член 3, 4, 37, 38 и 39 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“ бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16, бр.21/18 и бр.101/19), член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), и член 82 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање во закуп на недвижна ствар на КП.бр.694/1 КО Чемерско во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање**

**Член 1**

Да се даде во закуп недвижна ствар на кп.бр.694/1 м.в.Црнакот КО Чемерско запишана на Имотен лист број 677 издаден од Агенција за катастар на недвижности бр.1105-12685/2019 од 09.10.2019 година, по пат на електронско јавно наддавање согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16, бр.21/18 и бр.101/19) и тоа:

- Зграда број 1, намена на зграда – В1-1, влез 1, кат – ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда/ДП со вкупна внатрешна површина од 237 м2.

**Член 2**

Проценетата вредност на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука е утврдена согласно Извештај за процена на недвижен имот по ИЛ.бр.677 кп.бр.694/1 КО Чемерско во површина од 237 м2 деловна просторија изработен од Трговец поединец за вештачење и процена Д-р Анастас Ѓорги Цуровски ТП Ресен, со деловоден бр.13-504/46 од 25.10.2019 година и истата е во износ од 3.460.452,00 денари.

Висината на почетната месечна закупнина изнесува 17.302,00 денари.

Износот на банкарската гаранција за сериозност на понудата изнесува 69.209,00 денари.

**Член 3**

Објавата за издавање во закуп на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука треба да ги содржи следните податоци:

- недвижната ствар која е предмет на закуп (површина и број на катастарска парцела каде се наоѓа, кататстарска општина и број на имотен лист, број на зграда, намена на зграда, број на влез, број на посебен дел од зграда);

- урбанистичко - планска документација за земјиштето на кое се наоѓа недвижната ствар која е предмет на закуп;

- почетната цена за недвижната ствар која е предмет на закуп;

- рокот за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање;

- време на започнување на јавното наддавање;

- услови за учество на јавно наддавање за странските физички и правни лица;

- услови за учество на јавно наддавање за домашни физички и правни лица;

-банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар;

- обврска на најповолниот понудувач да ги уплати средствата во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните недвижни ствари;

- начинот и постапката за спроведување на наддавањето (начин на легитимирање на учесниците на јавно наддавање, потребен број на учесници согласно закон, дефинирање на почетокот на јавното наддавање, рокот за уплата на најповолната понуда, обврска за трошоци за солемнизација на договорот и право на приговор) и

- интернет страницата на која ќе се врши јавното наддавање.

**Член 4**

Објектот од член 1 на оваа Одлука се дава во закуп за период од 10 (десет) години.

**Член 5**

Закупецот недвижната ствар од член 1 на оваа одлука не може да ја дава во подзакуп.

**Член 6**

Со најповолниот понудувач во постапката на електронското јавно наддавање Градоначалникот склучува Договор заверен кај нотар.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци“ .

**Бр.08-5725/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за давање на времено користење на недвижни ствари на КП.бр.683 КО Бојанчиште сопственост на Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање на времено користење на недвижни ствари на КП.бр.683 КО Бојанчиште сопственост на Општина Кавадарци , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-5936/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.11.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“ бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16, бр.21/18 и бр.101/19), член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), и член 82 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на времено користење на недвижни ствари на КП.бр.683 КО Бојанчиште сопственост на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се даваат на времено користење недвижни ствари на кп.бр.683 м.в.Бојанчиште КО Бојанчиште запишани во Имотен лист број 285

издаден од Агенцијата за катастар на недвижности бр.1105-13309/2019 од 22.10.2019 година сопственост на Општина Кавадарци на ЈП за стопанисување со државните шуми НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О. – Скопје – Подружница ШС БОР Кавадарци и тоа:

- Зграда број 1, намена на зграда - помошни простории, влез 1, кат -ПО, со вкупна внатрешна површина од 36 м2,
- Зграда број 1, намена на зграда – училишта и научни институции, влез 1, кат - ПР со вкупна внатрешна површина од 253 м2.

**Член 2**

Недвижните ствари – објекти од член 1 на оваа одлука се даваат на времено користење на ЈП за стопанисување со државните шуми НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О. – Скопје – Подружница ШС БОР Кавадарци, за период од 3 (три) месеци без надомест.

**Член 3**

Оваа одлука е основ за запишување во Јавната книга за запишување на правата на недвижности.

Се задолжува општинската администрација да изврши упис на оваа одлука во Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-5725/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Правилник за користење на возила-патничко повекенаменско возило и автобус на едно ниво, сопственост на Општина Кавадарци

1.СЕ ОБЈАВУВА Правилник за користење на возила-патничко повекенаменско возило и автобус на едно ниво, сопственост на Општина

Кавадарци, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-5936/10**
**01.11.2019 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 31.10.2019 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## за користење на возила -патничко повекенаменско возило и автобус на едно ниво, сопственост на Општина Кавадарци

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за користење на:

- Патничко повеканаменско возило Mercedes –Benz , sprinter–со рег.таб.КА-5942 АС ;
- Патничко возило, автобус на едно ниво-Yutong, со рег.таб.КА 0640 АВ.

### Член 2

Возилата од член 1 се во трајна сопственост на Општина Кавадарци и со нив трајно располага и управува општината согласно овој Правилник.

### Член 3

Возилата наведени во член 1, ке се користат за превоз на лица од ранлива категорија, организирани групи на спортски клубови, здруженија на граѓани за активности од јавен и општествен интерес, за потребите на општинската администрација во функција на општествени активности, во понатамошниот текст (корисници), при што предност за превоз и користење на патничкото повекенаменското возило Mercedes –Benz имаат лицата од ранливите категории.

### Член 4

Возилата наведени во член 1 ќе ги управува возач вработен во општината и истиот е должен при управувањето да располага со соодветни дозволи и други потребни документи за вршење на таквиот превоз регулиран со Закон за превоз во патниот сообраќај.

**Член 5**

Средствата (нафтени деривати и патарини) потребни за користење на возилата од член 1 на оваа Одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кавадарци Програма ЕО расходна ставка 421240.

**Член 6**

Возилата од член 1 вршат организиран превоз на територијата на Општина Кавадарци, на територијата на Република Северна Македонија, а по потреба и надвор од границите на државата, за што задолжително треба да има уредна и веродостојна документација за патување надвор од границите на државата.

**Член 7**

За користење на возилата од член 1 на оваа Одлука одлучува Градоначалникот на Општина Кавадарци или Секретарот на Општина Кавадарци.

**Член 8**

Возилата од член 1 на оваа Одлука ке можат да се користат од корисниците по претходно доставено писмено барање(прилог бр.1) до општината и соодветна документација , опис на патувањето.

Барањето и прилог документацијата се доставува до општината најкасно во рок од 3 (три ) календарски денови пред потребата од патување.

**Член 9**

Соодветната Комисија на Совет на општина Кавадарци од надлежната област го разгледува барањето, ја проценува веродостојноста на потребата, ја разгледува можноста за вклопување во веќе утврдените моментални активности или ангажман на возилата и во рок најмалку од 1 (еден) календарски ден со Заклучок ги известува барателите ( подносителите на барањето) за одобрување или одбивање на барањето.

Врз основа на донесениот Заклучок од соодветната Комисија Градоначалникот односно Секретарот Општина Кавадарци потпишува патен налог за користење на соодветното возило.

**Член 10**

При секое користење на возилата од член 1 на оваа Одлука, возачот кој е одговорен за управување со возилата, потребно е да води патен налог,(прилог бр.2 ), со јасно наведување на:

- име и презиме на корисникот на возилото;

- видот и регистарски број на возило;
- релација на движење почеток и крај;
- опис на задачата на службеното патување;
- час на поаѓање и час на враќање,
- број на поминати километри;
- вид на нафтен дериват кој го користи возилото.

**Член 11**

При раздолжување на искористената верна картичка возачот кој е одговорен за управување на возилата од член 1 на оваа Одлука, потребно е да приложи:

- патен налог наведен во член 10 од овој правилник;
- фискална сметка која ја авторизира;
- сметкопотврда/испратница со внесени податоци за возилото во кое се наточени нафтените деривати, количина, цена (регистарски број, марка, вид итн.,
- еднаш месечно да поднесува целосен извештај до овластеното лице во благајна.

**Член 12**

Возачот во целост е одговорен за возилата и за состојбите во нив додека трае организираниот превоз.

**Член 13**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во„Службен гласник на општина Кавадарци".

**Бр.08-5725/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Прилог.бр.1

До
СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
-Комисија за ____________________

О Б Р А З Е Ц / Б А Р А Њ Е

Од лицето________________во својство на претставник на ______________________________, во согласност со одредбите на Правилникот за користење на возила-патничко повекенаменско возило и автобус на едно ниво, сопственост на Општина Кавадарци, го поднесува предметното барање за користење на:

- Патничко повекенаменско возило;
- Патничко возило, автобус на едно ниво,

сопственост на Општина Кавадарци.

Заради____________________________________________________
(опис,време,место и цел на патување)________________________
_______________________________________________________________,за што во прилог на барањето доставувам:

_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_____________________

Дата

Име и презиме
на овластено лице
________________________
________________________
(потпис)

.................................................
(назив на правниот субјект)

Сектор ____

Ка ................/ ............../............. год.

Реден број
на евиденцијата

# Налог за користење на службено возило

(презиме и име на корисникот)
(работно место- положба, звање)

(назив на возилото) (рег. број) од

до

(место на поаѓање)

(место на определување)

(опис на работата- службеното дејствие што се врши)

Време на поаѓањето
враќање

Состојба на броилото при поаѓање км.
при враќање км.
Број на поминати километри км.

Заверува/одобрува,

(потпис на возачот) (потпис на корисникот)

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука**
**за давање согласност на Годишен план со арх.бр.04-82/1 од 16.10.2019 година за вработување на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2019 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на Годишен план со арх.бр.04-82/1 од 16.10.2019 година за вработување на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2019 година , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-5936/11** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.11.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.Весник на РМ„ бр.27/14...198/18), а во врска со 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05, 14/10, 24/10), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишен план со арх.бр.04-82/1 од 16.10.2019 година за вработување на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2019 година**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Годишен план со арх.бр.04-82/1 од 16.10.2019 година за вработување на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2019 година, донесен од Директорот на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-5725/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука**
**за давање согласност на Годишен план со арх.бр.04-83/1 од 16.10.2019 година**
**за вработување на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„**
**Кавадарци за 2020 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на Годишен план со арх.бр.04-83/1 од 16.10.2019 година за вработување на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2020 година , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-5936/12** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.11.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.Весник на РМ„ бр.27/14...198/18), а во врска со 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05, 14/10, 24/10), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишен план со арх.бр.04-83/1 од 16.10.2019 година за вработување на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2020 година**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Годишен план со арх.бр.04-83/1 од 16.10.2019 година за вработување на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2020 година, донесен од Директорот на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-5725/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука**
**за усвојување на Извештај за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за прво полугодие од 2019 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Извештај за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за прво полугодие од 2019 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-5936/13** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.11.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ бр.38/96....35/2019), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 82 став 1 точка 33 од

Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци**
**за прво полугодие од 2019 година**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за прво полугодие од 2019 година, донесен од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци, со Одлука со арх.бр.02-94/3 од 08.10.2019 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-5725/13** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2019 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука**
**за давање согласност на Одлука за формирање на цена за поставување на рекламни знамиња на јарболите пред спортска сала„Јасмин„ Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на Одлука со арх..бр.02-94/4 од 08.10.2019 година, за формирање на цена за поставување на рекламни знамиња на јарболите пред спортска сала„Јасмин„ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-5936/14** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.11.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ бр.38/96...35/2019), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлука**
**за формирање на цена за поставување на рекламни знамиња на јарболите пред спортска сала„Јасмин„ Кавадарци**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлука со арх.бр.02-94/4 од 08.10.2019 година, за формирање на цена за поставување на рекламни знамиња на јарболите пред спортска сала„Јасмин„ Кавадарци , донесена од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-5725/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука**

**за определување паричен надоместок на членовите
на комисиите за
утврдување на правен статус на бесправен објект**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за определување паричен надоместок на членовите на комисиите за утврдување на правен статус на бесправен објект, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-5936/15** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.11.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.102019 година, донесе:

# О Д Л У К А

**за определување паричен надоместок на членовите на комисиите за
за утврдување на правен статус на бесправен објект**

**Член 1**

Членовите на Комисиите формирани од Градоначалникот на Општина Кавадарци, за утврдување на правен статус на бесправен објект се обврзуваат:

- Да постапуваат по предметите примени согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти и неговите измени и дополнувања од 2011-2017 година, во вкупен број од 1500 предмети.

На членовите на Комисиите за утврдување правен статус на бесправен објект им се определува паричен надоместок во износ од 54 денари по конечно завршен предмет.

**Член 2**

Рокот за завршување на обврските од член 1 на оваа Одлука е заклучно со 29.02.2020 година.

**Член 3**

На крајот на месецот Комисиите изготвуваат Извештај за завршени предмети и потпишани решенија за утврден правен статус на бесправен објект, со запишување на архивскиот број на предмет и истиот го доставуваат на контрола / верификација на раководителот на Секторот за комунални работи ,урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина .

По одобрување од страна на Раководителот истиот го доставува до Градоначалникот заради одобрување на исплата и се доставува во сметководство за исплата.

**Член 4**

Средствата за исплата на членовите на комисиите за утврдување правен статус на бесправен објект се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2019 и 2020 година.

**Член 5**

Постапката поведена по Барање за утврдување на правен статус на бесправен објект, се завршува во најкус можен рок, а најдоцна во рок од 30 дена од денот кога странката го поднела барањето со сите докази кои била должна да ги поднесе.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-5725/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука**
**за ослободување од плаќање надоместок**
**за уредување на градежно земјиште**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-5936/16** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.11.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 59 став 12 од Закон за градење („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016 и 132/2016), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за ослободување од плаќање надоместок**
**за уредување на градежно земјиште**

Член 1

Општина Кавадарци се ослободува од обврската за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект: Противпожарен дом-гаражи-намена В4 на ул.„Народна Младина” на КП бр.11324/2 КО Кавадарци со вкупна површина од 153,01 м2, согласно пресметка заведена под арх.бр 11-5716/1 од 24.10.2019 година и основен проект доставен од инвеститорот со технички број 3520,изработен од „Дизајн Центар”Кавадарци, во износ од 35.381,00 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-5725/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука**
**за утврдување на режим на сообраќај за воведување на зонско паркирање на определени јавни површини во Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за утврдување на режим на сообраќај за воведување на зонско паркирање на определени јавни површини во Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-5936/17** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.11.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.02/2005), а согласно член 348 став 1, став 2 алинеја 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата(„Сл.Весник на РМ„ бр.169/15....98/19), член 82 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на општина Кавадарци бр.08/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на режим на сообраќај за воведување на зонско паркирање на определени јавни површини во Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува режимот на сообраќај за воведување на зонско паркирање на определени јавни површини во Општина Кавадарци, согласно Основен сообраќаен проект за зонско паркирање изготвен од овластена проектантска куќа 24 ИНГ ДООЕЛ-Битола со бр. 201/19 од Оккомври 2019, Извештај за ревизија изготвен од Зебра Проект-Скопје бр.0301-39/19 од 16.10.2019 година, и добиена Согласност бр.30.5-6409/2 од 28.10.2019 година од Министерство за внатрешни работи-Сектор за внатрешни работи-Велес, составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-5725/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Правилник**
**за начинот на вршење на видео надзор на територијата**
**на Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Правилник за начинот на вршење на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-5936/18** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.11.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 9-а и 9-б став 2 од Законот за заштита на личните податоци (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15, 99/16 и 64/2018), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/0514/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 31.10.2019 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на вршење на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци и тоа: Општина Кавадарци во својство на контролор, техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци обработени преку вршење на видео надзор, рокот и начин на чување на записите од видео надзорот и начин на бришење на видео записите, како и правата и обврските на овластените лица кои имаат пристап до системот за вршење на видео надзор.

**Член 2**

Целта на видео надзорот на Територија на Општина Кавадарци е обезбедување заштита на имотот и имотните права на Општина Кавадарци и добрата во општа употреба и тоа:

- Заштита на инфраструктурни објекти (улици, плоштади, мостови)
- Заштитта на урбана опрема (автобуски постојки, опрема во функција на туристички и културни и спортски настани, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи, корпи за отпадоци и други согласно законот)
- Заштита на сообраќајни знаци и семафори и друга вертикална и хоризонтална сигнализација;
- Заштита на улична јавна расвета ;
- Броење и евиденција на возила за статистички мерења.

**Технички функционален опис на системот за видео надзор:**

**Член 3**

Мониторинг центарот на Општина Кавадарци е сместен во просториите на Зградата на Општина Кавадарци и во него се вработени 5 лица кои работат во три смени.

Еден од вработените е назначен за одговорен (офицер) за заштита на личните податоци.

Офицерот е овластено лице за координирање и контрола на техничките и организациските мерки коие се применуваат за тајност и заштита на обработакта на лицните податоци кој има целосна контрола на системот.

Сите вработени во Мониторинг центарот се должни да посетат курс за заштита на лични податоци.

Вработени во Мониторинг центарот потпишуваат Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за спроведување на видео надзорот - прилог на овој правилник.

Вработени во Мониторинг центарот имаат право да носат мобилен телефон без камера, а забрането им е носење на мобилен смарт телефон.

На вработените им е забрането да работата и оперираат со податоците , немаат права да враќаат снимени материјали и пренесуват снимки на други медиуми.

На влезот во Мониторинг центар стои натпис ЛИМИТИРАН ПРИСТАП – ЗАБРАНЕТ ВЛЕЗ ЗА НЕОВЛАСТЕНИ ЛИЦА.

**Член 4**

Системот е изведен на ИП базирано решение односно секоја камера во зависност од локација ќе биде поврзана со оптичка врска директно во Мониторинг центарот во Општината.

**Член 5**

Опремата за видео надзор е со следните технички карактеристики

**Ротирачка камера предвидени се 5 броја и тоа:**

IP ротациона камера

- камерата да биде наменета за надворешна употреба;
- резолуција мин.2MP 1080П (1920x1080);
- да има можност за оптичко зумирање;
- софтверско активирање на мод за работа во услови на магла;
- со мрежен приклучок R45;
- можност за меморирање на патроли;
- повеќе нивоа на кориснички пристап;
- подршка за различни полиња за маскирање приватност на одредени делови од сликата Privacy mask.

**Мрежна фиксна камера со фиксен објектив 44 броја**

- камерата да биде наменета за надворешна употреба;
- резолуција мин.2MP 1080П (1920x1080);
- да има можност за оптичко зумирање;
- софтверско активирање на мод за работа во услови на магла со мрежен приклучок R45;
- повеќе нивоа на кориснички пристап;
- подршка за различни полиња за маскирање приватност на одредени делови од сликата Privacy mask.

**Мрежна фиксна камара со препознавање на регистарски таблички 7 броја**

- камерата да биде наменета за надворешна употреба;
- можност за препознавање на регистарски таблички;

- резолуција мин. 2МР 1080П (1920x1080);

- да има можност за оптичко зумирање;

- софтверско активирање на мод за работа во услови на магла со мрежен приклучок R45;

– повеќе нивоа на кориснички пристап.

–

**Мрежен видео рекордер 4**

- за подршна на мин 16 IP kameri;

-д а подржува мрежни камери од различни производители HDMI I VGA

излези;

- приклучување на мин 2 хард дискови со капацитет од повеќе ТВ;

- да подржува поврзување на централна менаџемент апликација.

**Хард диск за архивирање на снимен материјал**

- да е специјализиран за работа 24/7;

- дискови од неколку терабајти;

**Професионални LCD монитори 4 броја 42" и 2 броја 49"**

**Солуција за снимање**

- да има можност за снимање на информации добиени од камерите;

- алармирање во случај на проблем .

**Хардверска конфигурација компјутери за мониторинг 2 броја**

- оперативен систем windows ;

- процесор I5;

- 8 GB рам меморија;

- графичка карта.

**Клиентска апликација**

- клиентска апликаци за следење на системот;

- да овозможи работа на екраните во форма на зид;

- да овозможи лимитирање на привилегиите на секој корисник;

- да овозможува контрола на вртливи камери;

- приказ на информациите на регистарските камери

**Член 6**

Графичката поставеност на системот за Видео Надзор, локациите, мапа на кои ќе се врши видео надзорот и аголот на поставеност на камерите и каде е поставен системот за видео надзор - план за поставување на видео надзор прилог на овој правилник.

**Категорија на лични податоци кои се обработуваат преку системот за видео надзор**

**Член 7**

Преку системот за Видео Надзор на територијата на Општина Кавадарци се обработуваат следните категории на лични податоци:
- Физички и физиолошки изглед на лица кои повремено влегуваат во фокусот на камерите кои се поставени со цели пропишани во член 2 од овој правилник;
- Моторни возила регистарски таблички на возилата кои се поставени на трите влезови и тоа (влез од Росоман, Влез од Прилеп, влез од Неготино) во Општина Кавадарци со цели пропишани во член 2 од овој правилник.

**Технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци обработени преку видео надзорот**

**Член 8**

Општина Кавадарци ги обезбедува следниве технички мерки за тајност и заштита на личните податоци добиени преку системот за вршење на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци:
- Сопствено корисничко име и лозинка за вработените во Мониторинг центарот - Промена на лозинките на секои три месеци;
- Оптичкото влакно кое се користи (изнајмено од кабелски оператор давател на услугите за поврзување на сите локации, оптичкото влакно нема да се употребува за други намени, изолирана оптичка врска (Дарк фибер) која ќе биде исклучиво за потребите на Општината и за проток на податоците од камерите);
- Одржувачот систем (економскиот оператор избран во постапка за јавна набавка) ќе има обврска еднаш месечно да прави проверка за безбедноста на системот и потполнува извештај кој е составен дел од документација за вршење на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци;
- Firewall решение за заштита од нелегален пристап или проток на податоци.

**Член 9**

Општина Кавадарци ги обезбедува следниве организациски мерки за тајност и заштита на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци:
- Систем за автоматизиран пристап само на овластени лица;
- Систем за логирање на сите влегувања и излегувања;
- Уништување на снимените материјали после истекот на законскиот рок од триесет (30) дена;
- Мерки за физичка сигурност на просторијата - сервер салата каде што се врши видео надзорот на територијата на Општина Кавадарци (24 часовно физичко обезбедување, блендирана врата, механички заштитени прозорци);
- Почитување од техничките упатства за користење, инсталирање и одржување на опремата за вршење на видео надзор.

**Член 10**

Општина Кавадарци води евиденција - прилог на овој правилник до пристапот и увидот во обработени податоци преку системот за вршење на видео надзорот.

Евиденцијата ги содржи следниве податоци:
- Реден број;
- Име и презиме на овластено лице;
- Време на пристап во системот за видео надзор;
- Цел за пристапување на системот за видео надзор;
- Датум и час на направена копија до која се пристапува;
- Датум време назив и седиште на кои му е дадена снимката од видео надзорот;

## Известување за вршење на видео надзор

**Член 11**

На сите локации каде е поставен Видео Надзор на видно место се истакнува Известување дека се врши видео надзор од страна на Општина Кавадарци, целите за вршење на видео надзорот, и начинот и постапката за добивање на обработените податоци, Образецот - известување прилог на овој правилник.

## Прегледување и рок на чување на снимен видео материјал

**Член 12**

Прегледување на снимен материјал се врши врз основа на поднесено писмено барање во Архивата на Општина Кавадарци во кое се наведува причината и законскиот основ поради која се бара увид во снимениот

материјал, и издадено писмено одобрение од Градоначалникот на Општина Кавадарци.

Прегледувањето на видео материјалот се врши во централната компјутерска единица – Мониториг центарот, од страна на Администраторот и Овластеното лице од член 3 од овој правилник.

Снимките направени при вршење на видео надзор се чуваат до исполнување на целите за кои се врши видео надзорот, но не подолго од 30 дена, освен ако со друг закон не е предвиден подолг рок.

**Овластени лица за обработка на податоци од системот за видео надзор.**

**Член 13**

Пристап и увид до личните податоци има Администраторот нас истемот за видео надзор во Општина Кавадарци и овластените лица од член 3.

Администраторот на системот на Видео Надзорот е лице вработено во Општина Кавадарци овластено со посебен акт за Администратор на Видео Надзорот од страна на Градоначалникот на Општина Кавадарци.

Градоначалникот на Општина Кавадарци по потреба може да овласти и друго лице за пристап до снимените материјали од видео надзорот и за пристап до централната компјутерска единица за видео надзор.

Администраторот на Видео Надзорот има пристап до видео надзорот, го одржува системот за видео надзор, има пристап до архивата на снимените материјали и пристап до централната компјутерска единица за вршење на видео надзор.

**Член 14**

Периодична оценка врши офицерот за заштита на личните податоци на секои две години за постигнатите резултати од системот за вршење на видео надзор.

Периодичната оценка се однесува на:

-Понатамошна оценка за користење на системот за вршење на видео надзор;
- Целта, односно целите за вршење на видео надзор;
- Статистички показатели за пристапот до снимките за видео надзорот;
- Начин на искористување на снимките и за која намена.
- За извршена оценка офицерот изготвува извештај.

**Член 15**

За се што не е предвидено со овој правилник важат одредбиде од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015, 99/2016 и 64/2018) и Правилникот за содржината и формата на актор за начинот на вршење на видео надзорот („Службен весник на Република Македонија“ број 158/10) и Правилникот за технички и организациски мерки

за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ број 38/09)

.

**Член 16**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-5725/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**31.10.2019 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

**Прилог 1**

Врз основа на одредбите од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015, 99/2016 и 64/2018), на ден _________20 _ година ја давам следнава

## ИЗЈАВА
## за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за спроведување на видео надзор

Јас, долупотпишаниот/ата,__________________ на работно место ______________________ / во улога на (назив на работното место_______________/улогата_________) во Општина Кавадарци, согласно со Правилникот за начинот на спроведување на видео надзор во Општина Кавадарци бр.____________ од _________ 2019 година, се обврзувам дека:

- Ќе ги применувам правилата за заштита на личните податоци во текот на спроведувањето на видео надзорот;
- Ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци и дека ќе ги чувам личните податоци и мерките за нивна заштита како доверливи;
- Ќе ги применувам техничките и организациските мерки за пристап и увид во личните податоци кои се обработени преку системот за спроведување на видео надзор со кои се оневозможува неовластен и не евидентиран пристап и увид во снимките од системот за видео надзор;
- Ќе извршувам обработка на личните податоци во согласност со упатствата на контролорот;
- На трети лица, освен на контролорот, како и на други лица на контролорот нема да му откријам било каков личен податок од снимката на видео надзорот или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој што го дознав или ќе го дознаам во текот на спроведувањето на видео надзорот на Општина Кавадарци, освен ако со закон не е поинаку предвидено.

Име и презиме:

______________________________

Потпис

____________________

**Врска:** Овластување број ___/ 20___ .

Потпишаната Изјава се приложува и се чува заедно со Овластувањето за пристап и увид во снимките направени и обработени преку системот за спроведување на видео надзор

.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 9-а и 9-б став 2 од Законот за заштита на личните податоци (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15, 99/16 и 64/2018), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/0514/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 31.10.2019 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на вршење на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци и тоа: Општина Кавадарци во својство на контролор, техничките и организацииските мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци обработени преку вршење на видео надзор, рокот и начин на чување на записите од видео надзорот и начин на бришење на видео записите, како и правата и обврските на овластените лица кои имаат пристап до системот за вршење на видео надзор.

**Член 2**

Целта на видео надзорот на Територија на Општина Кавадарци е обезбедување заштита на имотот и имотните права на Општина Кавадарци и добрата во општа употреба и тоа:

- Заштита на инфраструктурни објекти (улици, плоштади, мостови)
- Заштитта на урбана опрема (автобуски постојки, опрема во функција на туристички и културни и спортски настани, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи, корпи за отпадоци и други согласно законот)
- Заштита на сообраќајни знаци и семафори и друга вертикална и хоризонтална сигнализација;
- Заштита на улична јавна расвета ;
- Броење и евиденција на возила за статистички мерења.

**Техничко функционален опис на системот за видео надзор:**

**Член 3**

Мониторинг центарот на Општина Кавадарци е сместен во просториите на Зградата на Општина Кавадарци и во него се вработени 5 лица кои работат во три смени.

Еден од вработените е назначен за одговорен (офицер) за заштита на личните податоци.

Офицерот е овластено лице за координирање и контрола на техничките и организациските мерки коие се применуваат за тајност и заштита на обработакта на лицните податоци кој има целосна контрола на системот.

Сите вработени во Мониторинг центарот се должни да посетат курс за заштита на лични податоци.

Вработени во Мониторинг центарот потпишуваат Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за спроведување на видео надзорот - прилог на овој правилник.

Вработени во Мониторинг центарот имаат право да носат мобилен телефон без камера, а забрането им е носење на мобилен смарт телефон.

На вработените им е забрането да работата и оперираат со податоците , немаат права да враќаат снимени материјали и пренесуват снимки на други медиуми.

На влезот во Мониторинг центар стои натпис ЛИМИТИРАН ПРИСТАП – ЗАБРАНЕТ ВЛЕЗ ЗА НЕОВЛАСТЕНИ ЛИЦА.

**Член 4**

Системот е изведен на ИП базирано решение односно секоја камера во зависност од локација ќе биде поврзана со оптичка врска директно во Мониторинг центарот во Општината.

**Член 5**

Опремата за видео надзор е со следните технички карактеристики

**Ротирачка камера предвидени се 5 броја и тоа:**

IP ротациона камера

- камерата да биде наменета за надворешна употреба;
- резолуција мин.2МР 1080П (1920x1080);
- да има можност за оптичко зумирање;
- софтверско активирање на мод за работа во услови на магла;
- со мрежен приклучок R45;
- можност за меморирање на патроли;
- повеќе нивоа на кориснички пристап;
- подршка за различни полиња за маскирање приватност на одредени делови од сликата Privacy mask.

**Мрежна фиксна камера со фиксен објектив 44 броја**

- камерата да биде наменета за надворешна употреба;
- резолуција мин.2MP 1080П (1920x1080);
- да има можност за оптичко зумирање;
- софтверско активирање на мод за работа во услови на магла со мрежен приклучок R45;
- повеќе нивоа на кориснички пристап;
- поддршка за различни полиња за маскирање приватност на одредени делови од сликата Privacy mask.

**Мрежна фиксна камера со препознавање на регистарски таблички 7 броја**

- камерата да биде наменета за надворешна употреба;
- можност за препознавање на регистарски таблички;
- резолуција мин. 2MP 1080П (1920x1080);
- да има можност за оптичко зумирање;
- софтверско активирање на мод за работа во услови на магла со мрежен приклучок R45;
- повеќе нивоа на кориснички пристап.

**Мрежен видео рекордер 4**

- за подршна на мин 16 IP kameri;
- д а подржува мрежни камери од различни производители HDMI I VGA излези;
- приклучување на мин 2 хард дискови со капацитет од повеќе TB;
- да подржува поврзување на централна менаџемент апликација.

**Хард диск за архивирање на снимен материјал**

- да е специјализиран за работа 24/7;
- дискови од неколку терабајти;

**Професионални LCD монитори 4 броја 42" и 2 броја 49"**

**Солуција за снимање**

- да има можност за снимање на информации добиени од камерите;
- алармирање во случај на проблем .

**Хардверска конфигурација компјутери за мониторинг 2 броја**

- оперативен систем windows ;
- процесор I5;
- 8 GB рам меморија;
- графичка карта.

**Клиентска апликација**

- клиентска апликаци за следење на системот;
- да овозможи работа на екраните во форма на зид;
- да овозможи лимитирање на привилегиите на секој корисник;
- да овозможува контрола на вртливи камери;
- приказ на информациите на регистарските камери

**Член 6**

Графичката поставеност на системот за Видео Надзор, локациите, мапа на кои ќе се врши видео надзорот и аголот на поставеност на камерите и каде е поставен системот за видео надзор - план за поставување на видео надзор прилог на овој правилник.

**Категорија на лични податоци кои се обработуваат преку системот за видео надзор**

**Член 7**

Преку системот за Видео Надзор на територијата на Општина Кавадарци се обработуваат следните категории на лични податоци:
- Физички и физиолошки изглед на лица кои повремено влегуваат во фокусот на камерите кои се поставени со цели пропишани во член 2 од овој правилник;
- Моторни возила регистарски таблички на возилата кои се поставени на трите влезови и тоа (влез од Росоман, Влез од Прилеп, влез од Неготино) во Општина Кавадарци со цели пропишани во член 2 од овој правилник.

**Технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци обработени преку видео надзорот**

**Член 8**

Општина Кавадарци ги обезбедува следниве технички мерки за тајност и заштита на личните податоци добиени преку системот за вршење на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци:

- Сопствено корисничко име и лозинка за вработените во Мониторинг центарот - Промена на лозинките на секои три месеци;
- Оптичкото влакно кое се користи (изнајмено од кабелски оператор давател на услугите за поврзување на сите локации, оптичкото влакно нема да се употребува за други намени, изолирана оптичка врска (Дарк фибер) која ќе биде исклучиво за потребите на Општината и за проток на податоците од камерите);
- Одржувачот систем (економскиот оператор избран во постапка за јавна набавка) ќе има обврска еднаш месечно да прави проверка за безбедноста на системот и потполнува извештај кој е составен дел од документација за вршење на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци;
- Firewall решение за заштита од нелегален пристап или проток на податоци.

**Член 9**

Општина Кавадарци ги обезбедува следниве организациски мерки за тајност и заштита на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор на територијата на Општина Кавадарци:

- Систем за автоматизиран пристап само на овластени лица;
- Систем за логирање на сите влегувања и излегувања;
- Уништување на снимените материјали после истекот на законскиот рок од триесет (30) дена;
- Мерки за физичка сигурност на просторијата - сервер салата каде што се врши видео надзорот на територијата на Општина Кавадарци (24 часовно физичко обезбедување, блендирана врата, механички заштитени прозорци);
- Почитување од техничките упатства за користење, инсталирање и одржување на опремата за вршење на видео надзор.

**Член 10**

Општина Кавадарци води евиденција - прилог на овој правилник до пристапот и увидот во обработени податоци преку системот за вршење на видео надзорот.

Евиденцијата ги содржи следниве податоци:

- Реден број;
- Име и презиме на овластено лице;
- Време на пристап во системот за видео надзор;
- Цел за пристапување на системот за видео надзор;
- Датум и час на направена копија до која се пристапува;
- Датум време назив и седиште на кои му е дадена снимката од видео надзорот;

**Известување за вршење на видео надзор**

**Член 11**

На сите локации каде е поставен Видео Надзор на видно место се истакнува Известување дека се врши видео надзор од страна на Општина Кавадарци, целите за вршење на видео надзорот, и начинот и постапката за добивање на обработените податоци, Образецот - известување прилог на овој правилник.

**Прегледување и рок на чување на снимен видео материјал**

**Член 12**

Прегледување на снимен материјал се врши врз основа на поднесено писмено барање во Архивата на Општина Кавадарци во кое се наведува причината и законскиот основ поради која се бара увид во снимениот материјал, и издадено писмено одобрение од Градоначалникот на Општина Кавадарци.

Прегледувањето на видео материјалот се врши во централната компјутерска единица – Мониториг центарот, од страна на Администраторот и Овластеното лице од член 3 од овој правилник.

Снимките направени при вршење на видео надзор се чуваат до исполнување на целите за кои се врши видео надзорот, но не подолго од 30 дена, освен ако со друг закон не е предвиден подолг рок.

**Овластени лица за обработка на податоци од системот за видео надзор.**

**Член 13**

Пристап и увид до личните податоци има Администраторот нас истемот за видео надзор во Општина Кавадарци и овластените лица од член 3.

Администраторот на системот на Видео Надзорот е лице вработено во Општина Кавадарци овластено со посебен акт за Администратор на Видео Надзорот од страна на Градоначалникот на Општина Кавадарци.

Градоначалникот на Општина Кавадарци по потреба може да овласти и друго лице за пристап до снимените материјали од видео надзорот и за пристап до централната компјутерска единица за видео надзор.

Администраторот на Видео Надзорот има пристап до видео надзорот, го одржува системот за видео надзор, има пристап до архивата на снимените материјали и пристап до централната компјутерска единица за вршење на видео надзор.

**Член 14**

Периодична оценка врши офицерот за заштита на личните податоци на секои две години за постигнатите резултати од системот за вршење на видео надзор.

Периодичната оценка се однесува на:

-Понатамошна оценка за користење на системот за вршење на видео надзор;

- Целта, односно целите за вршење на видео надзор;
- Статистички показатели за пристапот до снимките за видео надзорот;
- Начин на искористување на снимките и за која намена.
- За извршена оценка офицерот изготвува извештај.

**Член 15**

За се што не е предвидено со овој правилник важат одредбиде од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015, 99/2016 и 64/2018) и Правилникот за содржината и формата на актор за начинот на вршење на видео надзорот („Службен весник на Република Македонија" број 158/10) и Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" број 38/09)

.

**Член 16**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-5725/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**31.10.2019 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

**Прилог 1**

Врз основа на одредбите од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015, 99/2016 и 64/2018), на ден _________20 _ година ја давам следнава

## ИЗЈАВА
## за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за спроведување на видео надзор

Јас, долупотпишаниот/ата,_________________ на работно место _____________________ / во улога на (назив на работното место_______________/улогата________) во Општина Кавадарци, согласно со Правилникот за начинот на спроведување на видео надзор во Општина Кавадарци бр.___________ од ________ 2019 година, се обврзувам дека:

- Ќе ги применувам правилата за заштита на личните податоци во текот на спроведувањето на видео надзорот;
- Ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци и дека ќе ги чувам личните податоци и мерките за нивна заштита како доверливи;
- Ќе ги применувам техничките и организациските мерки за пристап и увид во личните податоци кои се обработени преку системот за спроведување на видео надзор со кои се оневозможува неовластен и не евидентиран пристап и увид во снимките од системот за видео надзор;
- Ќе извршувам обработка на личните податоци во согласност со упатствата на контролорот;
- На трети лица, освен на контролорот, како и на други лица на контролорот нема да му откријам било каков личен податок од снимката на видео надзорот или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој што го дознав или ќе го дознаам во текот на спроведувањето на видео надзорот на Општина Кавадарци, освен ако со закон не е поинаку предвидено.

Име и презиме:

____________________________

Потпис

___________________

**Врска:** Овластување број ___/ 20___ .

Потпишаната Изјава се приложува и се чува заедно со Овластувањето за пристап и увид во снимките направени и обработени преку системот за спроведување на видео надзор

.

Прилог 2

Објектот е под
видео надзор

Контролор:Општина Кавадарци

Информации:Општина Кавадарци Локална самоуправа
Ул. Плоштад Маршал Тито ББ Тел.Бр. 13-300

**Прилог 4**

Врз основа на одредбите од член 3 и 13 од Правилникот за начинот на вршење видео надзор на територијата на Општина Кавадарци бр.___________ од ________ 2019 година, на ден ________20_ година Градоначлникот на Општина Кавадарци го дава следното:

**ОВЛАСТУВАЊЕ**
**за пристап и увид во снимките направени и обработени преку системот за спроведување на видео надзор**

Се овластува, Име и презиме _________________на работно место/во улога на (_Назив на работно место __________/улогата__________) во Општина Кавадарци, во согласност со Правилникот за начинот на вршење на видео надзор во Општина Кавадарци бр.___________ од ________ 2019 година, за пристапување и увид во снимките направени и обработени преку системот за спроведување на видео надзор, заради:

(причина за давање на овластувањето и можни дополнителни овластувања)

______________________________________________________________

Овластувањето се дава за период: од _____20__до _____ 20__година.

Овластеното лице (добива/недобива) единствена идентификациска лозинка за пристап до снимките во уредот за дигитално снимање преку работна станица, која лозинка е временски ограничена на периодот на важноста на овластувањето.

Овластеното лице, пред почетокот со работа или пред пристапот до системот за спроведување на видео надзор, задолжително своерачно потпишува Изјава за тајност и за заштита на обработката на личните податоци преку системот за спроведување на видео надзор (Прилог 1 од Правилникот за начинот на вршење видео надзор на територијата на Општина Кавадарци), кое се приложува и чува заедно со ова Овластување.

Администраторот на системот со свој потпис потврдува дека на овластеното лице му е овозможено право за пристап до системот за спроведување на видео надзор.

Овластувањето влегува во сила со денот на донесувањето.

Број на овластувањето: _________ / 20__ .

**Градоначалник**
М-р Митко Јанчев
______________

**Администратор на системот**
________________________

**М.П.**

Прилог 5

Врз основа на одредбите од член 3 и 13 од Правилникот за начинот на вршење видео надзор на територијата на Општина Кавадарци бр.___________ од ________ 2019 година, на ден ________20_ година Градоначалникот на Општина Кавадарци го дава следното:

## РЕШЕНИЕ ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ
### за пристап и увид во снимките направени и обработени преку системот за спроведување на видео надзор

Се одзема овластувањето на ________________________________ (име и презиме), број на личен документ: _________, на работно место/во улога на __________(назив на работното место/улогата) _______________ во Општина Кавадарци, во согласност со Правилникот за начинот на вршење видео надзор на територијата на Општина Кавадарци бр.___________ од ________ 2019 година, за

пристапување и увид во снимките направени и обработени преку системот за спроведување на видео надзор, заради:

___________________________________________________________

(причина за одземање на овластување)

Овластувањето се одзема на ден:______20____година.

Врска: Овластување број:_______/ 20____.

Администраторот на системот со свој потпис потврдува дека на овластеното лице му е укинато правото за пристап до системот за видео надзор.

Потпишаното Одземање на овластувањето се приложува и се чува заедно со референтното овластување.

Градоначалник:
М-р Митко Јанчев
________________

Администратор на системот
___________________________

М.П.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма**
**за изменување и дополнување на Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2019 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2019 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-5936/19** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**01.11.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/2002) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на општина Кавадарци" бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2019 година**

**Член 1**

Во Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2019 година („Службен Гласник на Општина Кавадарци„ бр.30/19 и 39/2019), се вршат следните измени и дополнувања :

**I.**Во Глава 5.Развој на информациска технологија и телекомуникациисе додава под-глава која гласи:
-Проект:
**Бесплатен курс "Основи на информатичката технологија" за ученици од V до IX одделение од социјално ранливи категории.**
Курсот започнува од месец ноември 2019 и трае 28 работни часа, два пати седмично и е составен од 3 модули, со следниот распоред:

- Работа со текст (8 часа)
- Онлајн живеење(10 часа)
- Програма за табеларно пресметување(10 часа)

Право на учество имаат сите ученици од V до IXодделение на ниво на Општина Кавадарци од социјално ранливи категории, кои немааат компјутер за домашна употреба.Пријавувањето ќе се врши во соработка со Директорите на училиштата, како и со наставниците по информатика кои предаваат во истите. Првично курсот можат да го следат вкупно 24 ученици, во кабинетот по информатика во ООУ Димката Ангелов Габерот.
За финансирање на овој проект ќе бидат потрошени 45.000 денари од буџетот на Општина Кавадарци кои ќе бидат искористени за надоместок на предавачот во рок од 3 месеци.

Во останатиот дел Програмата останува неизменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-5725/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**31.10.2019 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (“Сл. Весник на РМ” бр.5/2002) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на општина Кавадарци” бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2019 година**

**Член 1**

Во Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2019 година („Службен Гласник на Општина Кавадарци„ бр.30/19 и 39/2019), се вршат следните измени и дополнувања :

**I.**Во Глава 5.Развој на информациска технологија и телекомуникациисе додава под-глава која гласи:
-Проект:
**Бесплатен курс “Основи на информатичката технологија” за ученици од V до IX одделение од социјално ранливи категории.**
Курсот започнува од месец ноември 2019 и трае 28 работни часа, два пати седмично и е составен од 3 модули, со следниот распоред:

- Работа со текст (8 часа)
- Онлајн живеење(10 часа)
- Програма за табеларно пресметување(10 часа)

Право на учество имаат сите ученици од V до IXодделение на ниво на Општина Кавадарци од социјално ранливи категории, кои немааат компјутер за домашна употреба.Пријавувањето ќе се врши во соработка со Директорите на училиштата, како и со наставниците по информатика кои предаваат во иститe. Првично курсот можат да го следат вкупно 24 ученици, во кабинетот по информатика во ООУ Димката Ангелов Габерот.
За финансирање на овој проект ќе бидат потрошени 45.000 денари од буџетот на Општина Кавадарци кои ќе бидат искористени за надоместок на предавачот во рок од 3 месеци.

Во останатиот дел Програмата останува неизменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-5725/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката**
**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници, зголемување на платите на помошно техничките лица и зголемување на платите на вработените во ТППЕ**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници, зголемување на платите на помошно техничките лица и зголемување на платите на вработените во ТППЕ, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-5936/20** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.11.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), а во врска со член 107 од Законот за работни односи („Сл.Весник на РМ„74/15....120/18), член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Сл.Весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/2016, 142/2016, 11/2018), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници, зголемување на**

**платите на помошно техничките лица и зголемување на платите на вработените во ТППЕ**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2019 година бр. 08-7166/3 од 26.12.2018 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.30/2018), Одлуката за изменување и доплнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2019 година бр.08-326/2 од 31.01.2019 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.31/2019), и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници и зголемување на платите на помошно техничките лица за 2019 година бр. 08-5020/44 од 24.09.2019 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.43/2019), се врши следната измена и дополнување:

Во член 1 после став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

"Вредноста на бодот на вработените во ТППЕ за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година се зголемува за 5%".

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-5725/20**
**31.10.2019 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката**
**за давање согласност на Одлука**
**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност на Одлука со арх.бр.03-99/3 од 30.10.2019 годиназа изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на

тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-5936/21** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.11.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ бр.38/96...35/2019), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 31.10.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлука**
**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлука бр.03-99/3 од 30.10.2019 година за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање, донесена од Управен Одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-5725/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.10.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Согласно член 84 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), Градоначалникот на Општина Кавадарци врши,

ЈАВНА ОБЈАВА

Се повикуваат Сузана Камчева со последна адреса на улица Шекспирова бр.7 Карпош Скопје со живеалиште во Скопје и Љубица Мечалова со последна адреса на улица Јури Гагарин бр.17 Скопје со живеалиште во Скопје, во врска со

управната постапка со архивски број 11-102, поведена пред Општина Кавадарци по барање на инвеститорот Златко Малиновски за издавање на одобрение за градење на станбена куќа од втора категорија на улица Крсте Мисирков, Кавадарци, на кп.бр.12549 КО Кавадарци 2, како непосредни соседи на градежното земјиште за кое е издадено одобрението за градење да дојдат и да извршат увид во документација.

Доколку непосредните соседи не извршат увид и/или не поднесат жалба против одобрението за градење во рок од 15 дена од денот на издавањето на одобрението за градење, одобрението за градење станува правосилно.

Објавата се врши преку дневен печат кој е дистрибуиран на целата територија на Република Македонија, во текот на два последователни дена.

По објавите од предходниот став, јавниот орган на свој трошок ќе изврши и еднократна објава во Службено гласило на општината.

По извршените објави од предходните ставови, се смета дека странката е уредно известена за писменото.

Предупредување за странката дека ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава и дека за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Изработил,
Ефтимчо Петровски

Одобрил,
Драгослав Симоновиќ

Градоначалник
М-р Митко Јанчев